
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 43	30.08.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, АВГУСТ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/1
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ" број 143/19 и 14/20), а во согласнсот со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ" број 5/02 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен Гласник на Општина Јегуновце" број 21/03, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 29.08.2024 година донесе

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година, во Општина Јегуновце заведен со архивски број 01-1590/1 од 27.08.2024 година.

Член 2

Советот на Општина Јегуновце дава согласност за пополнување на слободни работни места преку објавување на јавен оглас и објавување на интерен оглас согласно одредбите на Законот за административни службеници и Законот за работни односи.

За пополнување на слободните работни места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Јегуновце и неговите измени и дополнувања се обезбедени парични средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година, од ставките 401 и 402 Програма Е0.

Член 3

По добиената согласност од страна на Советот на Општината, Годишниот план за вработување за 2025 година од член 1 на оваа Одлука, Општината да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце"

Бр. 08-1591/3
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинското јавно претпријатие за вршење на комунални работи
ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце,Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинското јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце,Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/2
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ„ бр. 5/02) и член 37-з од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ", бр.38/96,6/02, 40/03,49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/15, 64/18, 35/19 и Сл.весник на РСМ бр.275/19 и 89/2022), и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год. донесе,

О Д Л У К А

за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце заверен со деловоден бр.02-466/3 од 27.08.2024 год.

Член 2

По добиената согласност Годишниот план за вработување од член 1 на оваа Одлука Општинското јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1591/4
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште-Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште-Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/3
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 20-б став 1 алинеа 3 а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14 и 27/16), член 32 став 8 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год. донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека СВЕТЛИНА- DRITA с.Прељубиште-Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека СВЕТЛИНА - DRITA с.Прељубиште-Јегуновце заверен со деловоден бр.36/2,0102 од 27.08.2024 год.

Член 2

По добиената согласност Годишниот план за вработување од член 1 на оваа Одлука Јавната локална установа Библиотека СВЕТЛИНА -DRITA с.Прељубиште-Јегуновце да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1591/5
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/4
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Сл.весник на РСМ" број 143/19 и 14/20), а во согласнсот со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.Весник на РМ" број 5/02 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце (,,Службен Гласник на Општина Јегуновце" број 21/03, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 29.08.2024 година донесе

О Д Л У К А

За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година, во Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце заведен со архивски број 01-413/1 од 15.08.2024 година.

Член 2

По добиената согласност Годишниот план за вработување од член 1 на оваа Одлука Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце"

Бр. 08-1591/6
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/5
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 35 став 5 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025 г.

1. Се усвојуваат Годишните програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр. 08-1591/7
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/6
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 126 став 1, алинеа 2 од Законот за основно образование("Сл.весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 28.09.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г.

1. Се усвојуваат Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр. 08-1591/8
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишни извештаи за работа на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишни извештаи за работа на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/7
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишен извештај за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024 г.

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024 г.,бр.01-441/1 донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Јегуновце на ден 15.08.2024 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-1591/9
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/8
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025 г.

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025 г., бр.01-414/4 донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Јегуновце на ден 23.08.2024 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-1591/10
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Се прогласува Одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/9
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) а во согласност со член 42 од Законот за установите („Сл.весник на РМ„ бр.32/05, 120/05 и 51/11) Советот на Општина Јегуновце на четириесеитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год., донесе

О Д Л У К А

За разрешување и именување на член во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се врши разрешување и именување на член во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце (во понатамошниот текст Управен одбор на детска градинка).

Член 2

Од должноста член на Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце се разрешува:

- Весна Китановска

За член на Управниот одбор на детската градинка се именува:

1. Виолета Ѓорѓевска

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр. 08-1591/11
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце и во објект „Цветови„ во с. Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце и во објект „Цветови„ во с. Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/10
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13.....198/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр. 104/19..... 236/22) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год., донесе

О Д Л У К А

За давање согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце и во објект „Цветови„ во с.Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце и во објект „Цветови„ во с.Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце и тоа: во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце да се зголеми бројот за прием на деца т.е. вкупната бројка на згрижени деца да биде 46 со тоа што децата ќе бидат распределени во две одделни групи (мала и голема -предшколска) и објект „Цветови„ во с.Прељубиште да се зголеми бројот за прием на деца т.е. вкупната бројка на згрижени деца да биде 30 со тоа што децата ќе бидат згрижени во една хетерогена група (2-6) годишна возраст.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1591/12
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ с. Вратница, општина Јегуновце во состав на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Се прогласува Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ с. Вратница, општина Јегуновце во состав на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/11
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 15 став 1 точка 7 од Статутот на општина Јегуновце („Службен гласник на општина Јегуновце„ бр. 21/03), а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ„ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на општина Јегуновце на четириесет и третата седница одржана на ден 29.08. 2024 год., донесе

О Д Л У К А

За отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце општина Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ во с.Вратница општина Јегуновце, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка„ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце, општина Јегуновце

Член 1

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце општина Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ во с.Вратница општина Јегуновце, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце, општина Јегуновце

Член 2

Во другите просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ во с.Вратница општина Јегуновце, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце, општина Јегуновце, објектот е со капацитет за 40 деца, организирани во (2) групи на возраст од (2) години до (6)шест години, односно до поаѓање во основно училиште, а според времетраењето на програмите децата ќе бидат згрижени со целодневен престој

Член 3

Назив на објектот каде што ќе бидат згрижени децата со целодневен престој во другите просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ во с.Вратница општина Јегуновце, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце, општина Јегуновце, е „Детски свет„.

Член 4

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно - образовни, спортско - рекреативни, културно - забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до поаѓање во основно училиште.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18 “).

Член 6

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на општина Јегуновце, од Буџетот на Република Северна Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

Член 7

Средства за основање и почеток со работа на објектот „Детски свет„ каде што ќе бидат згрижени децата со целодневен престој во другите просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ во с.Вратница општина Јегуновце, во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „ЈАБОЛЧИЊА“ во с.Јегуновце, општина Јегуновце, ќе ги обезбеди основачот.

Член 8

Општина Јегуновце како основач на ЈОУДГ „ ЈАБОЛЧИЊА“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на објектот.

Член 9

Директорот на ЈОУДГ „ ЈАБОЛЧИЊА “ општина Јегуновце се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Јегуновце .

Бр.08-1591/13
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 год.

Бр. 09-1603/12
30.08.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетитретата седница одржана на ден 29.08.2024 год., го разгледа барањето од Осман Јусуфи од с.Шемшово и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Осман Јусуфи од с.Шемшово му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна во неговиот помошен објект плевна на ден 26.07.2024 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1591/14
29.08.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Јегуновце..... 1

2. Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Јегуновце..... 2

3. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 3

4. Одлука за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 4

5. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека СВЕТЛИНА- DRITA с.Прељубиште-Јегуновце..... 5

6. Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2025 година во Јавна локална установа Библиотека СВЕТЛИНА-DRITA с.Прељубиште-Јегуновце..... 6

7. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце..... 7

8. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце..... 8

9. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025 г. 9

10. Заклучок за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2024/2025 г..... 10

11. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г. 11

12. Заклучок за усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г..... 12

13. Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишни извештаи за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024 г. 13

14. Одлука за давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишни извештаи за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2023/2024 г. 14

15. Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025 г..... 15

16. Одлука за давање на согласност на Одлуката за усвојувње на Годишната програма за работа на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце за учебната 2024/2025 г..... 16

17. Решение за прогласување на Одлуката за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце.....17

18. Одлука за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце..... 18

19. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце и во објект „Цветови„ во с.Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце 19

20. Одлука за давање согласност за зголемување на број на деца опфатени во воспитни групи во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце и во објект „Цветови„ во с.Прељубиште која е во склоп на Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце..... 20

21. Решение за прогласување на Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница, општина Јегуновце во состав на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце Општина Јегуновце..... 21

22. Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце, за вршење на одделни услуги од својата дејност на група во други просторни услови во просториите на ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница, општина Јегуновце во состав на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце Општина Јегуновце 22

23. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош 24

24. Одлука за одобрување на финансиска помош 25